20[ТИ] КОНГРЕС НА МАКЕДОНСКОТО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО
во соработка со
МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ "СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ

онлајн

20[th] CONGRESS OF THE MACEDONIAN MEDICAL ASSOCIATION
in collaboration with
MEDICAL FACULTY, UNIVERSITY "SS. CYRIL AND METHODIUS" - SKOPJE

online

10[th] - 20[th] November, 2020
Republic of North Macedonia

онлајн

online



# ЗБОРНИК НА АПСТРАКТИ
# ABSTRACT BOOK

www.cong2020.mld.mk

МАКЕДОНСКИ МЕДИЦИНСКИ ПРЕГЛЕД –СПИСАНИЕ НА МАКЕДОНСКОТО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО ГОД 74(SUPL,108), 2020
MACEDONIAN MEDICAL REVIEW – JOURNAL OF MACEDONIAN MEDICAL ASSOCIATION YEAR:74(SUPL,108), 2020
ISBN-978-9989-37-041-0
UDK:61+061.231=866=20
CODEN:MK MPA 3
ISSN0025-1097

Session code: 03D

*Постер презентација / Poster Presentation*

# Хистопатолошки промени на ендометриумот кај пациентки со абнормално крварење од утерус и ризик фактори за појава

**Ана Коцевска[1], Кристина Скепаровска[1]**
[1]Специјална болница за гинекологија и акушерство "Мајка Тереза" Чаир – Скопје

**Клучни зборови**: абнормално крварење, утерус, фракционирана експлоративна киретажа

**Вовед**: Абнормалните крварења од утерус се комплексен гинеколошки проблем, особено во перименопаузалниот и постменопаузалниот период кај жената. Етиологијата може да биде органска (ендометријален полип, хиперплазија, миом, атрофија на ендометриум, карцином) или неорганска (дисфункционално крварење од утерус)

**Цели:** Да се направи анализа на хистопатолошките наоди на примероците од фракционирана експлоративна киретажа кај пациентки со абнормално крварење од утерус и да се истражат одредени ризик фактори за нивна појава.

**Материјал и методи:** Се работи за проспективна студија врз вкупно 70 испитанички кај кои имало потреба да се направи фракционирана експлоративна киретажа заради абнормално крварење од утерус. Испитаничките се поделени во две групи: 38 во постменопаузална возраст и 32 во пременопаузална возраст. Податоците се собираа преку интервју и анализа на наодите од хистопатолошките анализи на примероците добиени со фракционирана експлоративна киретажа. Студијата е изведена во Специјалната болница за гинекологија и акушерство "Мајка Тереза" – Чаир.

**Резултати:** Средна возраст на испитаничките во постменопаузалната група е 57 години, а во пременопаузалната група 43 години. Средна вредност за BMI (Body mass index) во постменопаузалната група е 33, а во пременопаузалната група е 25. Најзастапени патолошка промена на ендометриумот во двете групи е Polypus endometrii (кај 39,5% од постменопаузалните и 46,9% од пременопаузалните испитанички. Кај 4 испитанички (5,7% од вкупниот број), дијагностициран е Adenocarcinoma endometrii. Кај 65,8% од постменопаузалните испитанички, утврдено е присуство на хипертензија. Истата е детектирана кај 34,4% од испитаничките во пременопауза. Кај 7,9% од постменопаузалните испитанички, утврдено е присуство на дијабет. Истиот е детектиран кај 12,5% од испитаничките во пременопауза. Кај 10,5% од постменопаузалните испитанички, утврдено е дека примале хормонална терапија во текот на животот, а 6,2% од испитаничките во пременопауза примале хормонална терапија.

**Заклучок**: Да се потенцира важноста на дијагностичката фракционирана експлоративна киретажа, со цел брза и навремена дијагностика на премалигни и малигни промени на женскиот генитален тракт. Особено значење се придава на постменопаузалната возраст кога не смее да се појавува никакво крварење и кога се почести органските причини.